| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Наслов на наставниот предмет | **Право и јавно здравство** | | | |
| 2. | Код | | | | |
| 3. | Студиска програма | Административно право и јавна администрација | | | |
| 4. | Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел) | Правен факулет „Јустинијан Први“ – Скопје, Катедра по Административно право и јавна администрација, Колегиумот на последипломски (мастер) студии по административно право и јавна администрација | | | |
| 5. | Степен (прв, втор, трет) | Втор | | | |
| 6. | Академска година/семестар | 5/IX | 7. | Број на ЕКТС кредити | 6 |
| 8. | Наставник | Проф.д-р Борче Давитковски<br>Проф.д-р Ана Павловска-Данева<br>Проф.д-р Ивана Шумановска-Спасовска | | | |
| 9. | Предуслови за запишување на предметот | Запишан деветти семестар | | | |
| 10. | Цели на предметната програма (компетенции): | | | | |

Оваа предметна програма има за своја цел да внесе новини во процесот на едукација во областа на правото и јавното здравство, а со тоа да обезбеди и нова генерација професионалци кои ќе бидат оспособени да бидат добри лидери, советници, менаџери и аналитичари во соодветната сфера. Од аспект на компетенциите се очекува дека предметната програма ќе придонесе кон тоа:

- студентите да развијат вештини и знаење преку кои ќе го усвојат и применат интегралниот концепт на правото, јавното здравство и човековите права притоа подобрувајќи ги здравјето на заедницата, здравствениот сектор како целина, етичите принципи и правните норми на системот во Република Македонија;
- студентите да се стекнат со аналитички вештини за да можат да ги анализираат и оценат состојбите во јавното здравство и импликациите на човековите права врз конкретни политики и стратегии за државна интервенција во здравството;
- да се развијат нормативните вештини на студентите со кои тие ќе имаат можност да изготвуваат соодветни прописи во областа на јавното здравство;
- да се развијат вештини и знаења на студентите во сферата на човековите права, поточно правата на пациентите.

Со сето тоа студентите ќе ги поседуваат и неопходните познавања за да ги поддржуваат здравствените работници во остварувањето на нивните права и

| | |
|---|---|
| | обврски. |
| 11. | **Содржина на предметната програма:** |
| | Во текот на оваа предметна програма, односно во рамки на курсот Право и јавно здравство студентите најнапред ќе се запознаат со системот и организацијата на здравствената заштита во Република Македонија. Тука ќе биде опфатен пред се поимот на јавните служби заедно со приниципите на нивна организација по што ќе се изврши дистинкција помеѓу јавните и приватни установи како облици на организација за пружање на здравствени услуги. Понатаму ќе биде опишана правната рамка за јавното здравство во Република Македонија што во себе ги опфаќа Законот за установите, Законот за здравствената заштита и Законот за здравственото осигурување.<br>По ова прашање ќе бидат разгледани административните органи надлежни за јавното здравство во Република Македонија, односно Министерството за здравство, Фондот за здравствени осигурување и (како посебни органи – комори) Лекарската комора, Стоматолошката комора и Фармацевтската комора. Од аспект на заштитата на правата на пациентите следи и проучување на Законот за заштита на правата на пациентите, а потоа и Криивчниот законик кој ја опфаќа кривичната одговорност за дела во областа на здравството. Откако ќе биде заокружена оваа материја ќе биде опфатена и управно-правната одговорност на здравствените работници.<br>Предметот ги опфаќа и здравствената политика како клучен сегмент во оваа целокупна материја. Тука влегуваат повеќе гледни точки: перспективите во здравството од аспект на човековите права, трендовите во глобалното здравје и концептот на ново јавно здравје во согласност со меѓународната и домашната легислатива, етиката во здравството и социо-економските детерминанти во оваа област. Со намера оваа целина да биде заокружена ќе бидат опфатени и човековите права во здравствените политики, како и реформите во јавното здравство. По начелната обработка на реформите ќе се проговори и за проценка и евалуација на здравствениот статус на населението како предуслов за правилно планирање на здравствената дејност, а потоа и ќе бидат дефинирани здравствените приоритети за унапредување на здравјето и превенција на болестите што во суштина ги опфаќа и специфичките здравствени ризици во заедницата – неправилна исхрана, употреба на тутун, дроги, алкохол, лекови, физичка неактивност, животна и работна средина, заразни болести, ментално здравје и друго.<br>Предметната програма ги супсумира и современите репродуктивни технологии согласно Законот за биомедицинско потпомогнато оплодување и меѓународните стандарди, а се осврнува и на прашањето за клонирањето – концепт, македонско законодавство и меѓународни забрани за репродуктивно клонирање. Како еден суштествен проблем и предмет на дискусии курсот го обработува и правниот основ за биомедицински истражување низ призмата на релевантните одредби од Законот за заштита на правата на пациентите и Конвенцијата за човекови права и |

| | | |
|---|---|---|
| | биомедицина за биомедицински истражувања.<br>Кон самиот крај, опфатени ќе бидат и начините на кои може да се спречи криминално однесување преку доброволна стерилизација, абортус, in vitro оплодување, вештачко оплодување, евтаназација, трансплантација, истражување над луже и ограничување на клонирање. Како здравствени приоритети ќе се проговори и за модерната медицина наспроти традиционалната и алтернативата, за примената на ИКТ во здравствените установи и за меѓународната соработка во оваа област. Посебно ќе се изучува и управната постапка за остварување на одредено право на граѓанинот од областа на здравствената заштита и осигурување. | |
| 12. | Методи на учење: | Наставата ќе се изведува согласно ЕКТС предвиден распоред. Наставата се состои од интерактивни предавања и вежби со предметен наставник и соработник. Студентите во текот на наставата и вежбите ќе имаат активна партиципација вклучувајќи се во дискусии, поставување прашања, давање свои коментари на прочитаната литература, пишување истражувачки трудови и преку организирана тимска работа зададена од наставникот и соработникот. Наставата се изведува со помош на визуелни презентации и забележување на најбитните елементи на тематските единици на табла.<br>На студентите им се препорачува редовно следење на наставата и вежбите, како и нивна сериозна партиципација при нивното изведување која задолжително ќе биде земена предвид од страна на наставникот при финалното оценување. |
| 13. | Вкупен расположлив фонд на време | 150 |
| 14. | Распределба на расположливото време | 52.5 часа теоретска настава, 17.5 часа за проектна задача, 80 часа домашно учесње |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 15. | Форми на наставните активности | 15.1 | Предавања – теоретска настава | 3.5 часа неделно |
| | | 15.2 | Вежби (лабораториски, аудиториски), | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | семинари, тимска работа | |
| 16. | **Други форми на активности** | 16.1 | Проектни задачи | 1.2 часа неделно |
| | | 16.2 | Самостојни задачи | |
| | | 16.3 | Домашно учење | 5.3 часа неделно |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 17. | **Начин на оценување** | | |
| | 17.1 | **Тестови/завршен испит** | 80 бода |
| | 17.2 | **Семинарска работа / проект (презентација: писмена и усна)** | 20 бода |
| | 17.3 | **Активност и учество** | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 18. | **Критериуми за оценување (бодови / оценка)** | до 51 бода | 5 (пет) (F) |
| | | од 51 до 60 бода | 6 (шест) (E) |
| | | од 61 до 70 бода | 7 (седум) (D) |
| | | од 71 до 80 бода | 8 (осум) (C) |
| | | од 81 до 90 бода | 9 (девет) (B) |
| | | од 91 до 100 бода | 10 (десет) (A) |
| 19. | **Услов за потпис и полагање на завршен испит** | Успешно завршена проектна задача, вреднувана со минимум 11 бода | |
| 20. | **Јазик на кој се изведува наставата** | Македонски јазик | |
| 21. | **Метод на следење на квалитетот на наставата** | Евалуација и самоевалуација | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 22. | **Литература** | | | | | |
| | 22.1 | **Задолжителна литература** | | | | |
| | | **Р. бр.** | **Автор** | **Наслов** | **Издавач** | **Година** |
| | | 1. | Наум Гризо, Симеон Гелевски, Борче Давитковски, Ана Павловска-Данева | Административно право | Правен факултет, Скопје | 2011 |
| | | 2. | Борче Давитковски, Никола Тупанчески, Ана Павловска- | Право и јавно здравство | Правен факултет, Скопје | 2009 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | Данева (et. al.) | | | |
| 22.2 | Дополнителна литература | | | | |
| | Р. бр. | Автор | Наслов | Издавач | Година |
| | 1. | Dragan Gjorgjiev, Angelina Bacanovic, Snezana Cicevalieva, Zlate Sulevski, Susanne Grosse-Tebbe | The former Yugoslav Republic of Macedonia – Health system review | Health Systems in Transition, vol. 8, no. 2 2006, European Observatory on Health Systems and Policy | 2006 |
| | 2. | Министерство за образование на Република Македонија | Стратегија за здравство на Република Македонија 2020 – безбеден, ефикасен и правичен здравствен систем | Министерство за здравство на Република Македонија | 2007 |
| | 3. | Roger Detels, Robert Beaglehole, Mary Ann Lasang, Marting Gulliford | Oxford Textbook of Public Health (5th ed.) | Oxford University Press | 2009 |
| | 4. | Theodore H. Tulchinsky, Elena A. Varavikova | What is the “New Public Health” | Public Health Reviews, Vol. 32, no. 1 | 2000 |
| | 5. | Donco Donev, Zaletel Kragelj Lijana | Human health, Course of Disease and Health Promotion | Hans Jacobs Publishing Company | 2007 |
| | 6. | | Закон за установите | Службен весник на Република Македонија | бр.32/2005; 120/2005 и 51/2011 |
| | 7. | | Закон за здравствената | Службен весник на | бр. 43/2012, |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | заштита | Република Македонија | 145/2012, 87/2013, 164/2013, 39/2014, 43/2014, 132/2014, 188/2014, 10/2015, 61/2015, 154/2015, 192/2015, 17/2016 и 37/2016 |
| | **8.** | | Закон за здравственото осигурување | Службен весник на Република Македонија | бр. 25/2000, 34/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007, 36/2007, 82/2008, 98/2008, 6/2009, 67/2009, 50/2010, 156/2010, 53/2011, 26/2012, 16/2013, 91/2013, 187/2013, 43/2014, 44/2014, 97/2014, 112/2014, 113/2014, 188/2014, 20/2015, |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | 61/2015, 98/2015, 129/2015, 150/2015, 154/2015, 192/2015, 217/2015, 27/2016, 37/2016, 120/2016, 142/2016 и 171/2017) |
| | | 9. | | Закон за организација и работа на органите на државната управа | Службен весник на Република Македонија | бр. 58/2000, 44/2002, 82/2008, 167/2010 и 51/2011 |
| | | 10. | | Кодекс на медицинска деонтологија | Лекарска комора на Македонија | |
| | | 11. | | Кодекс на стоматолошка етика и деонтологија | Стоматолошка комора на Македонија | |
| | | 12. | | Кодекс на професионални етички должности и права на фармацевтите на Македонија | Фармацевтска комора на Македонија | |
| | | 13. | | Правилник за стручен испит на докторите на медицина за издавање на основна лиценца за работа | Лекарска комора на Македонија | |
| | | 14. | | Правилник за облиците, критериумите и распоредување на | Лекарска комора на Македонија | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | облиците и бодовите на стручното усовршување за обновување на лиценцата за работа на здравствените работници со високо образование од областа на медицината | | |
| | | 15. | | Кривичен законик | Службен весник на Република Македонија | бр. 37/1996, 80/1999, 4/2002, 43/2003, 19/2004, 81/2005, 60/2006, 73/2006, 7/2008, 139/2008, 114/2009, 51/2011, 135/2011, 185/2011, 142/2012, 166/2012, 55/2013, 82/2013, 14/2014, 27/2014, 28/2014, 41/2014, 115/2014, 132/2014, 160/2014, 199/2014, 196/2015, 226/2015 и 97/2017 |
| | | 16. | | Закон за | Службен | бр. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | вработените во јавниот сектор | весник на Република Македонија | 27/2014, 199/2014 и 27/2016 |
| | 17. | | Закон за заштита на правата на пациентите | Службен весник на Република Македонија | бр. 82/2008, 12/2009, 53/2011 и 150/2015 |
| | 18. | | Закон за управните спорови | Службен весник на Република Македонија | бр. 62/2006 и 150/2010 |
| | 19. | | Закон за Народниот правобранител | Службен весник на Република Македонија | бр. 60/2003, 114/2009, 181/2016, 189/2016 и 35/2018 |
| | 20. | | Закон за заштита од пушењето | Службен весник на Република Македонија | бр. 36/1995; 70/2003; 29/2004; 37/2005; 103/2008; 140/2008; 35/2010; 100/2011 и 157/2013 |
| | 21. | | Закон за заштита на населението од заразни болести | Службен весник на Република Македонија | бр. 66/2004, 139/2008, 99/2009, 149/2014, 150/2015 и 37/2016 |
| | 22. | | Закон за условите за земање, и пресадување на делови од човечкото тело заради лекување | Службен весник на Република Македонија | бр. 47/2011, 136/2011, 91/2013, 164/2013, 27/2014, |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | 112/2014, 144/2014, 124/2015, 149/2015 и 37/2016 |
| | 23. | | Закон за биомедицинско потпомогнато оплодување | Службен весник на Република Македонија | бр. 37/2008, 164/2013, 149/2014, 192/2015 и 37/2016 |
| | 24. | | Закон за ратификација на Конвенцијата за заштита на човековите права и достоинството на човечкото суштество во однос на примената на биологијата и медицината, со дополнителниот Протокол за забрана за клонирање на човечки суштества и дополнителниот Протокол за трансплантација на органи и ткива од човечко потекло | Службен весник на Република Македонија | Бр. 55/2009 |
| | | Open Society Foundations | Human Righst in Patient Care: a Practitioner Guide - Macedonia | Open Society Foundations' Law Health Initiative | 2010 |
| | 25. | Council of Europe | Ethical Eye: Biometical Research | Council of Europe | 2004 |
| | 26. | Active Citizenship | European Charter of Patients' Rights | Active Citizenship | 2002 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Network | | Network | |
| | | 27. | | Закон за општата управна постапка | | Сл.весник на РМ, 124/2015 |